**ПРАВИЛА**
**за користење на електронска платформа за финансиско посредување**

**Друштво за услуги КЕШ ФЛОУ МЕНАЏМЕНТ ПДОО Скопје** со ЕМБС 7555920 и регистрирана адреса на ул. "Пандо Кљашев" бр. 93, 1000 Скопје – Кисела Вода, Република Северна Македонија е трговско друштво кое што управува со платформа за посредување во трговијата со побарувања.

Овие правила го регулираат начинот на кој корисниците може да ја користат Платформата, типовите на услуги кои што се нудат преку платформата и други важни прашања поврзани со платформата.

**Пред да ја користите Платформата мора да ги прочитате, разберете и прифатите овие Правила.**

**Секое користење на Платформата значи дека корисникот се согласува со овие Правила.**

**1. Дефиниции**

**1.1.** Зборовите кои што во овие Правила започнуваат со голема буква за целта на толкување на овие Правила го имаат следното значење:

**1.1.1. Кеш Флоу** е трговското друштво Друштво за услуги КЕШ ФЛОУ МЕНАЏМЕНТ ПДОО Скопје со ЕМБС 7555920 и регистрирана адреса на ул. "Пандо Кљашев" бр. 93, 1000 Скопје – Кисела Вода, Република Северна Македонија, кое што управува со Платформата.

**1.1.2. Платформа** е електронската платформа cfmapp.com управувана од Кеш Флоу преку која што Корисниците може да ги користат услугите за посредување во трговијата со побарувања, како што е достапна на веб сајтот cashflow.mk.

**1.1.3. Корисник** е трговско друштво и друг вршител на дејност кој што ја користи Платформата или Услугите.

**1.1.4. Повластен корисник** е регистриран корисник на Платформата кој што е банка, штедилница, финансиско друштво и друга финансиска небанкарска институција, која што ја користи Платформата или Услугите.

**1.1.5. Администратор** е физичко лице кое што е со најшироки овластувања во застапувањето на Корисникот во однос на користењето на Платформата или Услугите согласно со овие Правила.

**1.1.6. Овластено Лице** е физичко лице кое што го застапува Корисникот во однос на користењето на Платформата или Услугите согласно со овие Правила.

**1.1.7. Профил** е електронски профил преку кој што Овластеното Лице и/или Администраторот пристапува на платформата и застапува одреден Корисник.

**1.1.8. Сопственик на Профил** е физичко лице на чие име е создаден Профилот.

**1.1.9. Правила** се овие правила за користење на електронската платформа за посредување во трговијата со побарувања кои што го регулираат користењето на Платформата и нејзините Услуги.

**1.1.10. Услуги** се посредничките услуги што се нудат на Корисниците преку Платформата и тоа посредување при трговија со побарувања помеѓу

Корисниците и тоа особено: трговија со факторинг сертификати, трговија со сертификати за управување со побарувања, трговија со сертификати за управување со обврски и трговија со платежни сертификати.

**1.1.11. Официјална Електронска Адреса** е електронска адреса на домашен Корисник регистрирана во Трговскиот Регистар при Централниот Регистар на Република Северна Македонија или кога Корисник е странско право лице електронската адреса регистрирана во неговиот надлежен регистар или во случај на отсуство на таква регистрација електронската адреса пријавена при регистрацијата.

**1.2.** Во посебните глави на овие Правила со кои што се регулираат специфичните услови за користење на конкретна Услуга постојат дополнителни дефиниции кои што се применливи само на таа глава.

**А. ОПШТИ ОДРЕДБИ**

**1.3.** Еден Администратор и/или Овластено Лице може истовремено да застапува повеќе Корисници.

**2. Корисник**

**2.1.** Корисник може да биде само правно лице кое што ги исполнува следните услови:

- **2.1.1.** е домашно правно лице кое што е соодветно основано и валидно постои според законите на Република Северна Македонија;
- **2.1.2.** е домашно правно лице кое што е соодветно регистрирано во Трговскиот Регистар при Централниот Регистар на Република Северна Македонија;
- **2.1.3.** странско правно лице кое што е соодветно основано и валидно постои според законите на државата во која што е основано;
- **2.1.4.** странско правно лице кое што е соодветно регистрирано во надлежниот регистар во државата во која што е основано;
- **2.1.5.** е солвентно односно не е презадолжено или неспособно да ги плаќа своите долгови како што тие доспеваат;
- **2.1.6.** неговите акти за основање не спречуваат или ограничуваат тоа да ги користи Услугите на Платформата;
- **2.1.7.** да нема започнато против него постапка за стечај или ликивидација;
- **2.1.8.** користењето на Услугите на Платформата од страна на Корисникот не е спротивно на било кој закон, наредба на државен орган или било каква внатрешна регулатива на Корисникот.

**2.2.** Корисниците ја користат Платформата и Услугите исклучиво преку физички лица кои се Администратори и/или Овластени Лица согласно со условите предвидени со овие Правила.

**2.3.** Пред да може да ја користи Платформата, Корисникот мора да овласти соодветно регистриран Администратор и/или Овластено Лице што ќе го застапува Корисникот при користење на Услугите на Платформата.

**2.4.** Еден Корисник може да биде истовремено застапуван од повеќе Администратори и/или Овластени Лица, но најмалку од еден Администратор.

**3. Администратор и Овластено лице**

**3.1.** Администратор или Овластено Лице може да биде само физичко лице кое што ги исполнува следните услови:

- **3.1.1.** има најмалку 18 години;
- **3.1.2.** е државјанин или резидент на Република Северна Македонија;
- **3.1.3.** странски државјанин односно нерезидент во согласност со овие Правила;

**3.1.4.** не му одземена деловната способност; и
**3.1.5.** не му е изречена мерка забрана за вршење на професија, дејност или должност.

**3.2.** Администраторот се овластува од страна на Корисникот во име и за сметка на Корисникот да ги врши следните овластувања во однос на Платформата:
**3.2.1.** да го регистрира Корисникот на Платформата;
**3.2.2.** да регистрира промени кај Корисникот во однос на Платформата;
**3.2.3.** да издава или одзема овластувања на Овластени Лица;
**3.2.4.** да додава и отстранува Администратори за Корисникот со согласност од Корисникот; и
**3.2.5.** да ги врши сите овластувања коишто може да ги врши Овластено Лице.

**3.3.** Овластено Лице се овластува од страна на Корисникот преку Администраторот во име и за сметка на Корисникот да ги врши следните овластувања во однос на Платформата:
**3.3.1.** преку Платформата со трети лица кои застапуваат други Корисници да ги преговара деталите за користење на конкретни типови на Услуги од Кеш Флоу согласно со овие Правила;
**3.3.2.** во име и за сметка на Корисникот што го застапува, електронски да потпишува договори, документи и други правни акти кои создаваат права и/или обврски за тој Корисник согласно со овие Правила.

## B. ПРОФИЛ НА АДМИНИСТРАТОР ИЛИ ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ

### 4. Идентификација и одобрување на пристап на Администратор и Овластено лице

**4.1.** Администратор или Овластено Лице пристапува до Платформата преку регистрирање на Профил, чие што користење е условено од претходна идентификација на физичкото лице кое што го креира Профилот.

**4.2.** Постапката за создавање на Профилот започнува со тоа што физичкото лице сопственик на Профилот поднесува барање за регистрација на Платформата, кое што се поднесува електронски преку Платформа, при што барањето особено содржи:
**4.2.1.** корисничко име и пристапна лозинка;
**4.2.2.** податоци за името, презимето, возраста, живеалиштето, e-mail адреса, телефонски број, единствениот матичен број и други идентификациски податоци за подносителот;
**4.2.3.** скениран документ за идентификација како што е лична карта или пасош;
**4.2.4.** изјава дека подносителот ги прочитал, разбрал и се согласува со Политиката за Приватност;
**4.2.5.** изјава дека подносителот ги прочитал, разбрал и се согласува со овие Правила;
**4.2.6.** изјава дека сите податоци наведени во барањето се точни и вистинити; и
**4.2.7.** било какви други дополнителни информации и документи кои што Кеш Флоу ќе смета дека се потребни за соодветно идентификување или регистрирање.

**4.3.** Барањето за регистрирање на Профил може да го поднесе исклучиво самиот подносител за кој што тоа барање се однесува.

**4.4.** По примањето на барањето Кеш Флоу истото го разгледува, при што Кеш Флоу има право:
**4.4.1.** да го одобри барањето и да го создаде Профилот;
**4.4.2.** да побара од подносителот дополнителни документи, информации или докази со цел соодветна идентификација и проверка за исполнетост на условите од член 3.1 од овие Правила; или
**4.4.3.** да го одбие барањето без притоа да има обврска да дава било какво образложение за таквата одлука.

**4.5.** Подносителот на барањето е материјално и кривично одговорен за давање на било какви информации или документи од член 4.2 кои што се невистинити, неточни или нецелосни.

**4.6.** Кеш Флоу има право да побара ажурирање на податоците на Овластеното Лице во било кое време, а особено еднаш годишно.

**5. Правила за користење на Профил**

**5.1.** Доколку Кеш Флоу го одобри барањето за креирање на Профил, тогаш автоматски се креира Профил со уникатно корисничко име и лозинка за пристап до Платформата.

**5.2.** Корисникот/Сопственикот на Профилот се обврзува дека:

**5.2.1.** уникатното корисничко име и лозинка за пристап до Профилот нема да ги открие на ниту едно трето лице;

**5.2.2.** нема да дозволи ниту едно трето лице да го користи Профилот и тоа со или без знаење или дозвола на Администраторот и/или Овластеното Лице;

**5.2.3.** ќе се грижи за доверливоста и тајноста на корисничко име и лозинка за пристап до Профилот;

**5.2.4.** ќе ги презема сите потребни дејствија со цел спречување на било какво неовластено користење на Профилот;

**5.2.5.** веднаш ќе го извести Кеш Флоу доколку дојде до било каква повреда на доверливоста или тајноста на корисничко име и лозинка за пристап на Профилот;

**5.2.6.** веднаш ќе го извести Кеш Флоу доколку постои било какво сомневање дека некое трето лице наместо Администраторот и/или Овластеното Лице имало пристап или за тоа дали на било кој начин тоа трето лице го искористило Профилот;

**5.2.7.** веднаш ќе изврши ажурирање на податоците и документите од член 4.2 доколку дојде до нивна промена, а најмалку еднаш годишно.

**6. Суспендирање на Профил**

**6.1.** Кеш Флоу има право да го суспендира Профилот, доколку:

**6.1.1.** има причина да верува дека постои повреда на било која од обврските на член 5.2.

**6.1.2.** смета дека околностите под кои што е одобрен Профилот се променети;

**6.1.3.** постојат или се појават било какви околности или причини Кеш Флоу да верува дека понатамошното користење на Профилот би било спротивно на правата и интересите на Кеш Флоу, било кој Корисник или трето лице;

**6.1.4.** повеќе од три барања за овластување од член 7.2 на Администраторот и/или од член 12.3 на Овластеното Лице биле одбиени во период од еден месец;

**6.1.5.** постојат или се појават било какви околности или причини Кеш Флоу да верува дека понатамошното користење на Профилот доведува или може да доведе до повреда на било кој применив закон, договор или стандард; или

**6.1.6.** Податоците на Овластеното Лице/Администраторот не се ажурирани согласно барањата на Кеш Флоу.

**6.2.** Доколку Кеш Флоу суспендира некој Профил, тогаш Кеш Флоу има право, но не и обврска да даде образложение за неговата одлука.

**6.3.** За одредени типови на Услуги со овие Правила може да се предвидат дополнителни услови и квалификации за тоа кој може да биде Корисник на конкретниот тип на Услуги.

## C. ПРИСТАП НА КОРИСНИК

**7. Овластување на Администратор**

**7.1.** Со цел Корисникот да може да ги користи Платформата и Услугите, Корисникот прво треба да биде регистриран на Платформата и треба да му биде одобрен пристап од страна на Кеш Флоу.

**7.2.** Постапката за регистрирање и одобрување на пристап на Корисник се иницира кога регистрирано физичко лице преку својот Профил доставува барање за овластување како Администратор до Корисникот, при е должно да даде изјава дека ги прочитало, разбрало и се согласува со овие Правила.

**7.3.** По поднесување на барањето за овластување, Кеш Флоу преку Платформата праќа електронска порака до Официјалната Електронска Адреса на Корисникот со линк за одобрување кој што содржи линк преку кој што Корисникот може да го одобри барањето за овластување.

**7.4.** Барањето за овластување Корисникот може да го:

**7.4.1.** одбие; или

**7.4.2.** одобри, при што е должен да даде изјава дека Корисникот ги прочитал, разбрал и се согласува со овие Правила.

**7.5.** Администраторот пред Корисникот и/или Кеш Флоу одговара солидарно и неограничено за своите постапки.

**7.6.** Барањето за овластување се смета за одбиено од страна на Корисникот доколку Корисникот не даде било каков одговор на барањето во рок од 72 часа од неговото издавање.

**7.7.** Доколку Корисникот го одобри барањето за овластување, тогаш Администраторот може да го застапува Корисникот на Платформата.

**7.8.** Во одредени ситуации, Корисник може да биде регистриран и по претходен договор со Кеш Флоу.

**7.9.** Во секој случај, Кеш Флоу ја одобрува регистрацијата на Корисникот на Платформата, врз основа на склучен договор со Корисникот.

## 8. Регистрирање на Корисник

**8.1.** Регистрирањето на Корисникот кој што е правно лице во Република Северна Македонија се врши од страна на Администраторот со поднесување на барање за регистрирање на Корисник преку платформата во кое што се наведуваат следните податоци:

**8.1.1.** податоци за називот, регистрираното седиште, e-mail адреса, телефонски број, единствениот матичен број и други идентификациски податоци за Корисникот;

**8.1.2.** изјава дека сите податоци наведени во барањето се точни и вистинити, особено во однос на единствениот матичен број на Корисникот; и

**8.1.3.** било какви други дополнителни информации и документи коишто Кеш Флоу ќе смета дека се потребни за соодветно идентификување или регистрирање на Корисникот.

**8.2.** Регистрирањето на Корисникот кој што е странско правно лице се врши од страна на Администраторот со поднесување на барање за регистрирање на Корисник преку платформата во кое што се наведуваат следните податоци:

**8.2.1.** податоци за називот, регистрираното седиште, e-mail адреса, телефонски број, единствениот матичен број и други идентификациски податоци за Корисникот;

**8.2.2.** Тековна состојба на Корисникот или еквивалентен документ заверен со апостил и преведен од овластен судски преведувач;

**8.2.3.** Потврда дека против Корисникот не е поведена стечајна или ликвидациона постапка или еквивалентен документ заверен со апостил и преведен од овластен судски преведувач;

**8.2.4.** Потврда за регистриран вистински сопственик на Корисникот заверена со апостил и преведен од овластен судски преведувач;

**8.2.5.** Други документи коишто Кеш Флоу може да ги побара.

**8.3.** Администраторот како подносител на барањето за пристап и идентификување е материјално и кривично одговорно за давање на било какви информации или документи кои што се невистинити, неточни или нецелосни.

**9. Одлучување по барањето за регистрирање на Корисник**

**9.1.** При одлучување за барањето за регистрирање на Корисник, Кеш Флоу има право:

- **9.1.1.** да го одобри барањето за пристап и идентификување;
- **9.1.2.** да побара дополнителни документи, информации или докази со цел соодветна идентификација и проверка за исполнетост на условите од овие Правила; или
- **9.1.3.** да го одбие барањето без притоа да има обврска да дава било какво образложение за таквата одлука.

**10.** Со регистрацијата се смета дека Корисникот ги прифатил овие Правила.

**10.1.** Корисникот има обврска да ги ажурира неговите податоци на Платформата при секоја промена. Оваа обврска на корисникот особено се однесува на промени на податоците содржани во соодветниот трговски регистар што го води Централен регистар на Република Северна Македонија, односно надлежната странска институција за странскиот Корисник. Во случај на неисполнување на оваа обврска од страна на Корисникот, преземените дејствија и активности на Платформата, согласно со последно ажурираните податоци, ќе се сметаат за валидни, се до нивното последно ажурирање.

**10.2.** Кеш Флоу има право да побара ажурирање на податоците на Корисникот во било кое време, а особено еднаш годишно.

**11. Суспендирање на Корисник**

**11.1.** Кеш Флоу има право да го суспендира Корисникот, доколку:

- **11.1.1.** има причина да верува дека постои повреда на било која од правилата од член 2.1 и/или член 5.2
- **11.1.2.** смета дека околностите под кои што е одобрен пристапот се променети;
- **11.1.3.** постојат или се појават било какви околности или причини Кеш Флоу да верува дека понатамошниот пристап би било спротивно на правата и интересите на Кеш Флоу, било кој Корисник или трето лице;
- **11.1.4.** постојат или се појават било какви околности или причини Кеш Флоу да верува дека понатамошниот пристап доведува или може да доведе до повреда на било кој применив закон, договор или стандард; или
- **11.1.5.** Податоците на Корисникот не се ажурирани согласно овие Правила.

**12. Овластено Лице**

**12.1.** Доколку одредено физичко лице има намера да застапува Корисник преку Платформата, тогаш тоа лице преку својот Профил испраќа барање за овластување до Корисникот, при што е должно да даде изјава дека ги прочитало, разбрало и се согласува со овие Правила.

**12.2.** По поднесеното барање за овластување, Платформата испраќа известување до Администраторот на Корисникот коешто содржи информации за поднесеното барање.

**12.3.** Администраторот може барањето да го:

- **12.3.1.** одбие; или
- **12.3.2.** одобри.

**12.4.** Администраторот и Овластеното Лице пред Корисникот и/или Кеш Флоу одговараат солидарно и неограничено за назначувањето и/или постапките на Овластеното Лице.

**12.5.** Барањето за овластување се смета за одбиено од страна доколку Корисникот преку Администраторот не даде било каков одговор на барањето во рок од 72 часа од неговото издавање.

## 13. Повлекување на овластување на Администратор или Овластено Лице

**13.1.** Администраторот може во било кое време да го повлече овластувањето што му е издадено на овластено лице.

**13.2.** Корисникот може во било кое време да го повлече овластувањето што му е дадено на Администраторот со допис на e-mail (cash.flow.management.skopje@gmail.com).